## КРАТЕНКИ

| | |
|---|---|
| АД | Акционерско друштво |
| АПЖССА | Акционен план за животната средина и социјалните аспекти |
| БИ | Барања за изведба |
| ВРСМ | Влада на Република Северна Македонија |
| ГО | Граѓански организации |
| ЕБОР | Европска банка за обнова и развој |
| ЕВЖС | Елаборат за влијанијата врз животната средина |
| ЕЗЖС | Елаборат за заштита на животната средина |
| ЕИП | Единица за имплементација на проектот |
| ЕСМ | Електрани на Северна Македонија |
| ЕУ | Европска Унија |
| ЛЗП | Лица засегнати од проектот |
| MW | Megawatt |
| НВО | Невладина организација |
| НТР | Не-техничко Резиме |
| ОВЖС | Оцена на влијанијата врз животната средина |
| ОВЖССА | Оцена на влијанијата врз животната средина и социјалните аспекти |
| ПВЗС | План за вклучување на заинтересираните страни |
| ПЖССА | Политика за животната средина и социјалните аспекти |
| РЕК | Рударско Енергетски Комбинат |
| РМ | Република Македонија |
| СВ | Службен весник |
| ФВ | Фотоволтаичен/-на/-но |
| ФВЕ | Фотоволтаична електрана |
| ТЕЦ | Термо електрична Централа |

# 1 ВОВЕД

## 1.1 Основи

Европската банка за обнова и развој (ЕБОР) ја разгледува можноста за обезбедување финансиски средства на Јавното претпријатие за производство на електрична енергија Електрани на Северна Македонија, АД Скопје ("ЕСМ" или "Проектот") од Република Северна Македонија за финансирање на изградба на фотоволтаична електрана од 20 MW (Проектот или PVP на Битола) веднаш до постојната ТЕ Термоелектрана Битола, во општина Новаци, Република Северна Македонија.

Со оглед на обемот и природата на Проектот, во рамките на нејзината Политика за животна средина и социјални аспекти за 2019, ЕБОР проектот го категоризира како Проект од Б Категорија.

Овој План за вклучување на заинтересираните страни (ПВЗС) ги опишува активностите што се преземаат во фаза на планирање на Проектот, градежната и оперативната фаза на истиот. Овој документ е подготвен заедно со Не-техничкото Резиме (НТР) на Оцената на влијанијата врз животната средина и социјалните аспекти (ОВЖССА) и Акциониот план за животната средина и социјалните аспекти (АПЖССА) подготвени за потребите на овој Проект.

## 1.2 Цели и опфат на Планот за вклучување на заинтересирани страни

Овој ПВЗС беше изготвен со цел да ја утврди програмата за вклучување на заинтересирани страни што треба да се спроведува во текот на целиот проектен циклус.

Целта на овој ПВЗС е да го подобри и олесни процесот на креирање одлуки поврзани со Проектот, да создаде можности за активно и навремено вклучување на сите заинтересирани страни како и да обезбеди можности истите да можат да го искажат своето мислење и грижи кои би можеле да влијаат на проектните одлуки. Следствено, целта на ПВЗС е да се зајакне вклучувањето на заинтересираните страни во текот на животниот циклус на Проектот, и да се спроведе вклучување на заинтересираните страни во согласност со македонските закони, како и согласно барањата на ЕБОР.

ПВЗС ќе биде разгледуван, а доколку е потребно и ажуриран на годишно ниво, а во насока да остане релевантен за самиот статус на Проектот, како и за потребите на заинтересираните страни.

# 2 ОПИС НА ПРОЕКТОТ

Како резултат на усвоената Национална Стратегија за развој во енергетиката до 2040 во која се дефинирани целите за зголемена употреба на обновливи извори во производството и потрошувачката на електрична енергија до 2030 година (до 33%), во согласност со ЕУ и Енергетската Заедница, ЕСМ го разви проектот за изградба на Фотоволтаична електрана Битола со 20MW, за искористување на сончевата енергија која што несомнено е широко достапна во тој дел од земјата.

Локацијата на проектот се наоѓа во југозападниот дел на државата, во битолското поле, на јужниот раб на Пелагонија, на надморска височина од 600 метри. Проектот ќе се спроведе на територијата на општина Новаци, во непосредна близина на објектите на ТЕЦ РЕК Битола на ЕСМ, поконкретно на нивната североисточна страна. Површината на локацијата на проектот е околу 40 хектари.

Најблискиот град е Битола, сместен на околу 13 км западно од локацијата на Проектот. Најблиските населени места се селата Горно Агларци и Добромири, секое приближно 2,6 км северно и 2,6 км западно од локацијата

на Проектот.

Локацијата на Фотоволтаичната централа Битола е веднаш до постојната ТЕЦ РЕК Битола и нејзиниот рудник Суводол. Земјиштето е во сопственост на (ЕСМ, но во моментов е дадено на користење на Земјоделскиот комбинат Пелагонија за одгледување на житни култури).

На северната страна локацијата се граничи со локален асфалтиран пат **(Р1311).** Покрај патот се наоѓа воден канал и подземен цевковод што носи вода од резервоарот за вода во Стрежево до РЕК Битола. Индустрискиот комплекс РЕК Битола е составен од рударска површина (јаглен лигнит), подрачје за производство на електрична енергија, депонија за одлагање на пепел, како и други помошни области (патишта, акумулација на вода итн.)**.**




Слика 1: Макро локација на проектот и неговата околина (Извор: Google Earth)

Истата парцела, каде е и локацијата на Проектот, претходно веќе била дел од планирањата за реализација на друг сличен проект на ЕСМ во 2012 година, наречен Проект за Концентрирана Соларна Централа.

# 3 ПРАВНА И ПОЛИТИЧКА РАМКА ЗА ВКЛУЧУВАЊЕ НА ЗАИНТЕРЕСИРАНИТЕ СТРАНИ

## 3.1 Национално законодавство за вклучување на заинтересираните страни

Барањата за јавно објава и консултациски активности поврзани со подготовката на проектната документација и поврзани стратешки и други студии се опфатени со следниве закони:

- **Закон за просторно и урбанистичко планирање** (Службен весник на РМ бр. 199/14, 44/15, 193/15, 31/16) - го регулира системот на просторниот и урбаниот развој на Македонија, вклучително и информирање и учество на јавноста во процесот на развојот и усвојувањето на документацијата за урбано и просторно планирање.
- **Закон за животната средина** (Службен весник на РМ, бр. 53/05, 81/05, 24/07, 159/08, 83/09, 48/10, 124/10, 51/11, 123/12, 93/13, 187/13, 42/14, 44/15, 129/15, 192/15, 39/16, 99/18). Овој закон и

придружната подзаконска регулатива ја утврдуваат потребата за изработка на Оцена на влијание врз животната средина (ОВЖС) за можните влијанија врз животната средина на јавни и приватни проекти, за кои се очекува да имаат битно влијание врз животната средина пред да се издаде градежна дозвола во смисла на дозвола за изведување на проектот.

Сумирано, процедурите за јавните расправи и консултации ги содржат следниве чекори:

- Јавноста е информирана за деталите на јавните расправи за нацрт планот/документот (локација на примерок за увид, како и време кога може увидот да се изврши) преку медиумите, при што и граѓаните/организациите се поканети да дадат коментари и/или да присуствуваат на јавните расправи;
- Јавните расправи, каде планот/документот се презентира, се одржуваат во соодветен јавен простор (на пр. општински простории, сала на совет на општина);
- Коментарите од сите заинтересирани страни се примени и процесирани, и планот/документот е ревидиран за да ги содржи и нив. Извештајот, со образложение за усвоените и одбиените коментари, заедно со нацрт планот/документот е доставен до релевантните органи кои проценуваат дали коментарите биле внимателно разгледани и усвоени;
- На сите коментари им е адресиран одговор во писмена форма.

Јавноста мора да биде вклучена во секој чекор при реализација на процедурите на ОВЖС и сите одлуки донесени во тој процес мора да бидат објавени во соодветни медиуми. Следниве документи ќе бидат јавно објавени:

- Известување за намера за имплементација на проектот.
- Одлука за Скрининг и утврдување на опсегот на ОВЖС
- Објава за достапноста на Елаборатот за заштита на животната средина (ЕЗЖС)
- Решение на МЖСПП за согласност на барањето или отфрлање на барањето за спроведување на проектот.

Други применливи закони што предвидуваат објавување на информации за проектот или пристап до информациите вклучувајќи го механизмот за жалби се:

- Закон за градење (Службен весник на РМ, бр. 130/09, 124/10, 18/11, 36/11, 54/11, 13/12, 144/12, 25/13, 70/13, 79/13, 137/13, 150/13, 163/13, 27/14, 28/14, 42/14, 115/14, 149/14, 187/14, 44/15, 129/15, 30/16, 31/16, 39/16, 71/16, 132/16 и 35/18)
- Закон за слободен пристап до информации од јавен карактер (Службен весник на РМ, бр. 13/06, 86/08, 06/10, 42/14, 148/15)
- Закон за постапување по жалби и поплаки (Службен весник на РМ, бр. 82/08, 13/13, 156/15, 193/15).

Во 1999 година, Македонија ги потпиша условите на Архуската конвенција за пристап до информации, учество на јавноста во донесувањето одлуки и пристап до правда за прашањата поврзани со животната средина (1998). Архуската конвенција ги гарантира правата на јавноста во врска со пристапот до информации, учеството на јавноста и пристапот до правдата, во процесите за донесување одлуки на владата за прашања поврзани со локалната, националната и прекуграничната животна средина. Воедно, фокусот е ставен на интеракција помеѓу јавноста и властите.

## 3.2 Политика на ЕБОР за животна средина и социјални аспекти

ЕБОР има сеопфатен пакет на специфични Барања за изведба (БИ) кои се очекува проектите да ги исполнат. БИ 10 (Објава на информации и вклучување на заинтересирани страни) од Политиката за животна средина и социјални аспекти (ПЖССА) 2019 на ЕБОР, ја истакнува важноста на отвореното и транспарентното вклучување помеѓу проектот, неговите вработени, локалните заедници директно засегнати од проектот и другите заинтересирани страни како суштински елемент на меѓународно прифатените добри практики и корпоративното граѓанство. Вклучувањето на заинтересираните страни опфаќа идентификација и анализа на заинтересираните страни, планирање на вклучувањето на заинтересирани страни, објава на информации, консултации и учество, механизам за поплаки, и тековно известување на релевантните заинтересирани страни.

Во согласност со БИ 10, од проектите се бара да изготват и спроведат План за вклучување на заинтересирани страни соодветен на природата и опфатот на ризиците, влијанијата и развојната фаза на проектот, и да спроведат вклучување на заинтересираните страни врз основа на обезбедување пристап до навремени, релевантни, разбирливи и достапни информации за локалните заедници кои се директно засегнати од проектот, како и за другите релевантни заинтересирани страни.

ЕБОР бара носителите на проекти да воспостават и одржуваат ефикасен механизам за поплаки, притоа грижејќи се сите поплаки и жалби искажани од заинтересираните страни, се примени, обработени и ефикасно се решени, брзо и навремено.

# 4 ИДЕНТИФИКАЦИЈА И АНАЛИЗА НА ЗАИНТЕРЕСИРАНИ СТРАНИ

Клучните заинтересирани страни кои треба да бидат информирани и консултирани за Проектот се:

А) Засегнати или веројатно ќе бидат засегнати од проектот (засегнати страни од проектот); и

Б) Може да имаат интерес од Проектот (заинтересирани страни).

## 4.1 Идентификација на заинтересираните страни на проектот

Следната табела го претставува начинот на идентификација и анализа на пристапот за комуникација со посебните заинтересирани страни.

*Табела 1. Анализа на заинтересираните страни и барањата за комуникација*

| Заинтересирани страни | Посебни прашања или интереси | Цели на вклучувањето и комуникација | Методи за вклучување и комуникација |
|---|---|---|---|
| **Засегнати страни од Проектот** | | | |
| **Земјоделски комбинат Пелагонија** на кого во моментов му е дозволено да ја користи локацијата на Проектот, за одгледување на житни култури. | Загуба на обработливи површини | Обезбедување навремена информација за планираната употреба на земјиштето пред сеидбата и договор за компензација во | ▪ Директна комуникација, која вклучува објава на информации за границите на градилиштето, временската рамка за извршување на работите и понудената компензација. |

| Заинтересирани страни | Посебни прашања или интереси | Цели на вклучувањето и комуникација | Методи за вклучување и комуникација |
|---|---|---|---|
| | | согласност со националните закони и барањата на ЕБОР | ▪ Тековен ангажман за време на изградбата, поврзан со нарушувања и непријатностите за земјоделски активности во околното земјиште. |
| **Локалното население** кое живее во населените места близу локацијата на Проектот (воздушно растојание до 5 км) или во поширокатa област на Проектот (повеќе од 5 км), и кое ги чувствува ефектите од градежните и оперативните активности поврзани со Проектот.<br><br>Населени места се: Горно Агларци, Добромири, Новаци, Долно Агларци, Меглен, Суводол, Арматуш, Далбеговци и Рибарци. | Потенцијален интерес за прашања од областа на здравјето, безбедноста и вознемирувањето поврзани со проектот<br><br>Нарушување на дневната рутина и патеките на движење на луѓето | Обезбедување навремени информации за ризиците и нарушувањата кои се поврзани со градежна и оперативна фаза | ▪ Онлајн социјални медиуми (Facebook, YouTube,Instagram), Официјални веб страни, Viber, WhatsApp и друго.<br>▪ Објавување на информации на огласна табла за обемот, времето и времетраењето на планираните активности, како и сите непријатности и нарушувања кои може да произлезат од проектните активности, во трите засегнати општини и тоа две седмици најмалку пред почетокот на било какви градежни активности и една седмица пред почетокот на било која значајна промена во фазата на градба што е од особена важност за локалното население. |
| **Општина Новаци** | Интерес за развојниот проект, здравјето и безбедноста на локалното население | Обезбедување навремени информации за ризиците и нарушувањата кои се поврзани со градежна и оперативна фаза | ▪ Интернет материјали за презентација.<br>▪ Медиуми/соопштенија за печат<br>▪ Јавни консултативни средби, доколку е можно<br>▪ Директна комуникација преку email и телефон<br>▪ Социјални медиуми (Facebook, YouTube,Instagram), официјални веб страни, Viber & WhatsApp и друго. |
| **Други заинтересирани страни** | | | |
| **Општата јавност** во засегнатите општини | Постоење на градежни активности поврзани со Проектот. | Обезбедување навремени информации за придобивките и ризиците од Проектот | ▪ Интернет материјали за презентација.<br>▪ Медиуми/соопштенија за печат<br>▪ Состаноци за јавни консултации доколку е можно<br>▪ Социјални медиуми (Facebook, YouTube,Instagram), Официјални веб страни, WhatsApp и друго. |

| Заинтересирани страни | Посебни прашања или интереси | Цели на вклучувањето и комуникација | Методи за вклучување и комуникација |
|---|---|---|---|
| **Релевантни владини органи, министерства и јавни институции**, вклучително:<br><br>• Министерство за животна средина и просторно планирање<br>• Министерство за финансии<br>• Министерство за транспорт и врски<br>• Министерство за труд и социјална политика<br>• Министерство за Економија<br>• Државен инспекторат за труд<br>• Државен инспекторат за животна средина<br>• Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство<br>• Регулаторна комисија за енергетика<br>• Дирекција за заштита и спасување | Издавање на дозволи, согласност и мислења во согласност со националното законодавство | Консултации со релевантни владини институции во врска со активностите на Проектот во рамките на дозволените процедури.<br>Известување засновано врз барањата на националното законодавство | ▪ Индивидуални онлајн состаноци, по потреба<br>▪ Јавни консултативни средби, по потреба<br>▪ Директна комуникација преку е-пошта и телефон |
| **Заинтересирани невладини организации (НВО, на пример од животна средина, социјалната сфера)**<br>Сите организации кои се уште не покажале специфичен интерес за Проектот, ќе им биде овозможено да ги изнесат своите размислувања или прашања во текот на подготовката и спроведувањето на Проектот.<br><br>**Забелешка:** Сите организации кои се заинтересирани за Проектот можат да ги испратат своите детали за контакт до ЕИП со цел да бидат вклучени во Табелата на невладини организации дадена во Анекс 4 на овој ПВЗС и да бидат | Заинтересирани страни кои се од големо значење за успехот на Проектот, а кои се заинтересирани за заштита на животната средина и човековото здравје. | Обезбедување навремена информација, комуникација и консултација. | ▪ Индивидуални интернет состаноци колку што е потребно. Јавни консултативни средби доколку е можно<br>▪ Директна комуникација е-пошта и телефонска комуникација<br>▪ Медиуми / соопштенија за печатот<br>▪ Социјални медиуми (Facebook, YouTube, Instagram), Official website, Viber & WhatsApp и други)<br>▪ |

| Заинтересирани страни | Посебни прашања или интереси | Цели на вклучувањето и комуникација | Методи за вклучување и комуникација |
|---|---|---|---|
| известени директно за настаните на Проектот. | | | |
| **ЕСМ** (и ЕИП) како и релевантни синдикати и организации на работници | Заинтересирани страни кои се од големо значење за успехот на Проектот, а се директно или индиректно вклучени во процесот на планирање и имплементација на Проектот. | Обезбедување навремени информации во однос на планираните проектни активности | ▪ канали на ЕСМ за интерна комуникација |
| **Изведувачи** или подизведувачи за време на изградбата, следење и надзор на работите вработените како и работниците поврзани со одржување. | Заинтересирани страни кои се од големо значење за успехот на Проектот, а се директно или индиректно вклучени во процесот на планирање и имплементација на Проектот. | Обезбедување Кодекс на однесување на Проектот, и прописи за безбедност и здравје при работа, стандарди за заштита на животната средина | ▪ Информации преку тендерска постапка и договори<br>▪ Комуникација преку инженерите за надзор<br>▪ Практични средби на градилиште со разговор за теми од безбедност и здравје при работа.<br>▪ Месечни извештаи за напредокот на работите што треба да ги достават изведувачите за време на работите<br>▪ Обуки<br>▪ Комуникација преку е-пошта<br>▪ |
| **Бизниси**<br>• Трговија и малопродажба<br>• Транспорт<br>• Други чинители од приватниот сектор | Вклучување во развојот на проектните активности соодветни на нивните потреби и капацитети | Информирани бизниси кои ќе треба да го прилагодат своето работење и инвестиции на планираните резултати на проектот. | ▪ Индивидуални онлајн состаноци, по потреба. Јавни консултативни средби доколку е можно<br>▪ Директна комуникација е-пошта<br>▪ Медиуми / соопштенија за печат<br>▪ |
| **Донатори и други меѓународни организации**<br>• Друго | Заинтересирани страни кои се од големо значење за успехот на Проектот а се директно или индиректно вклучени во планирањето на Проектот и финансирањето | Реализација на поддршката и финансиите | ▪ Медиуми / соопштенија за печат<br>▪ Социјални медиуми (Facebook, YouTube, Instagram), Official website, Viber & WhatsApp)<br>▪ |

| Заинтересирани страни | Посебни прашања или интереси | Цели на вклучувањето и комуникација | Методи за вклучување и комуникација |
|---|---|---|---|
| | на неговата имплементација. | | |

## 4.2 Загрозени / ранливи индивидуи или групи

Во проектната област присутни се постари лица. Миграцијата од помалите населени места во пошироката област на Проектот кон Битола (миграција рурално-урбана) или во странство, е се уште присутна. Постарите лица остануваат да живеат во населените места кои се наоѓаат во близината на локацијата на Проектот.

# 5 КРАТКО РЕЗИМЕ НА ПРЕТХОДНИТЕ АКТИВНОСТИ ЗА ВКЛУЧУВАЊЕ НА ЗАИНТЕРЕСИРАНИ СТРАНИ

Потребата од алтернативни извори за производство на енергија е во фокусот на менаџментот на ЕСМ РЕК Битола повеќе од една деценија, пред се поради ограничените расположливи капацитети за експлоатација на јаглен.

Затоа, ЕСМ во 2012 година разви проект за Концентрирачка соларна електрана на истата локација каде е планирана сегашната Фотоволтаична електрана Битола. Во тој период целокупниот процес на ОВЖСС опфати темелен процес на реализирање на консултации со сите поголеми заинтересирани страни. Низа состаноци со институционалните заинтересирани страни беа одржани, но и одделни ефективни средби со локални невладини организации и жителите на Новаци.

За ФВЕ Битола, ЕСМ се уште ги нема започнато јавните активностите за вклучување на заинтересираните страни. За проекти кои имаат помали влијанија и ризици врз животната средина и социјалните аспекти, владата предвидува креирање на ОВЖС/Елаборат за животната средина. Националното законодавство не предвидува јавна објава и консултации во однос на деталните извештаи на ОВЖС. Сепак, ЕСМ на својата веб страна го објави Елаборатот за ОВЖС, заедно со Одобрението на Елаборатот за ОВСЖ издаден од Министерството за животна средина и просторно планирање, а кој е достапен само на македонски јазик.

# 6 ПРОГРАМА ЗА ВКЛУЧУВАЊЕ НА ЗАИНТЕРЕСИРАНИТЕ СТРАНИ

## 6.1 КОВИД-19

Несомнено е дека пандемијата Ковид-19 ги промени познатите и широко користени методи за објава на информации и вклучување на заинтересирани страни.[1]

Со цел максимално да се избегне изложеноста на инфекцијата и нејзиното пренесување, методите за вклучување на заинтересираните страни и објавата на информации за овој проект се прилагодени според

[1] Брифинг-белешка за заинтересираните страни (PR10) на ЕБОР - КОВИД-19; 15 Април 2020 (достапно на https://www.ebrd.com/documents/environment/ebrd-covid19-briefing-note-stakeholder-engagement.pdf?blobnocache=true)

препораките издадени од најрелевантните меѓународни и национални организации, како и релевантните чинители кои ја моделираат и дефинираат добрата меѓународна пракса.

ВРСМ, на 03.11.2020[2], донесе Одлука за превентивни препораки, времени мерки, наредени мерки, наменски протоколи, планови и алгоритми за постапување за заштита на здравјето на населението од заразната болест Ковид-19 предизвикана од вирусот SARS-CoV-2, случаите и временскиот период на нивна примена.

## 6.2 Предложена стратегија за информирање и комуникација

За целите на Проектот ЕСМ ќе користи различни методи за вклучување на заинтересираните страни со цел да обезбеди постојана комуникација со сите заинтересирани страни, како и да ги направи достапни за јавноста сите неопходни информации. ЕСМ во соработка со Општина Новаци, но и локалните заедници кои се засегнати од Проектот, ќе овозможат редовно информирање на локалните жители и деловните субјекти што живеат или работат во близина на Проектот, и тоа за развојните фази на Проектот особено во однос на почетокот на градежните активности и целокупните влијанија на проектните активности врз нив.

ЕСМ и единицата за имплементација на проектот (ЕИП) ќе спроведат јавни консултации и дисеминација на информации кои ги рефлектираат главните прашања релевантни за Проектот.

Пакетот за Јавна објава на Проектот, ќе содржи:

- Елаборат за ОВЖС и одобрение на истиот;
- Не-техничко резиме за оценката на животната средина и социјалните аспекти на Проектот;
- Овој План за вклучување на заинтересирани страни – (ПВЗС)
- Акционен план за животна средина и социјални аспекти (АПЖССА); и
- Формулар за поднесување поплаки на проектот (види Додаток 1).

Документите ќе бидат објавени на официјалната веб страна на ЕСМ (www.esm.com.mk), и на веб страната на Општина Новаци. Истите ќе бидат подготвени на македонски и англиски јазик и ќе бидат достапни по нивно тото официјално одобрување.

Печатена верзија од Пакетот за јавна објава ќе биде достапна во просториите на ЕСМ. Покрај тоа, печатена верзија на истите документи ќе бидат достапни и во просториите на локалната канцеларија на Проектот, како и на самото градилиште – канцеларијата на Изведувачот, по започнувањето на градежните работи.

Документите ќе бидат достапни на веб-страницата на ЕСМ и општината во времетраење од 30 календарски денови пред разгледувањето на Проектот од страна на Одборот на директори на ЕБОР, и ќе продолжат да бидат јавно достапни за времетраење на Проектот.

По објавувањето на горенаведените документи, ЕИП и ЕСМ ќе закажат и одржат најмалку еден состанок за јавни консултации. ЕСМ ќе ги информира сите заинтересирани страни за точниот датум, времето и местото каде ќе се одржи состанокот и тоа најмалку 7 дена однапред (по можност и 2 недели), преку објава на веб страните на ЕСМ (www.esm.com.mk), општина Новаци (www.opstinanovaci.gov.mk), како и локалните медиуми

[2] Службен весник на Република Северна Македонија, Број 263/20 од 04.11.2020

(весници, портали за вести на Интернет). Објавите за одржување на јавната средба ќе биде истакната и во засегнатите соседни населби, а кои се под влијание на проектните активности со цел да се опфати и локалното население кое живее во овие населени места. Покрај тоа, невладините организации наведени во Додаток 4 на овој ПВЗС ќе бидат директно контактирани и информирани за јавниот состанок.

Сите достапни информации и документи за проектот ќе бидат јавно објавени најмалку 2 недели пред почетокот на средбите. Доколку е потребно, ќе се организираат и одделни состаноци, а со цел да се осигури дека учеството на заинтересираните страни соодветствува со полот и етничкото потекло на заинтересираните.

Средбите ќе бидат насочени кон обезбедување на информации за јавноста околу градежната и оперативната фаза на Проектот. Учесниците ќе можат да ги изнесат своите размислувања и забелешки во врска со Проектот, како и да предложат можни решенија за дискутираните прашања. Заклучоците од средбата ќе бидат договорени за време на средбата и снимени. Сите оправдани коментари и предлози ќе бидат разгледани и соодветно адресирани. ЕИП ќе објави краток извештај за сите покренати релевантни прашања, вклучувајќи и објаснување за одбивање /прифаќање на предлозите.

Резимето од барањата за вклучување на заинтересираните страни и објавата на информации наведени погоре, се наоѓа подолу.

*Табела 2: Резиме од барањата за објавување информации и вклучување на заинтересирани страни*

| | **Активност** | **Временски распоред/останати детали** | **Одговорност** |
|---|---|---|---|
| 1 | Објава на следната документација за проектот на веб-страниците на ЕСМ и општината Новаци, на македонски и англиски јазик:<br><br>• Овој ПВЗС<br>• Елаборат за ОВЖС и одобрение на истиот<br>• Не-техничко резиме за оценката на животната средина и социјалните аспекти на Проектот;<br>• Формулар за поднесување поплаки на проектот<br>• Акционен план за животна средина и социјални аспекти<br><br>Печатење и чување печатени верзии од документите во просториите на ЕСМ, ТЕЦ и рудникот РЕК Битола и Општина Новаци | Сите достапни информации и документи за Проектот ќе бидат објавени веднаш откако ќе станат достапни, но најмалку 2 недели пред средбата од точката 2 подолу. | ЕИП/ЕСМ |

| | Активност | Временски распоред/останати детали | Одговорност |
|---|---|---|---|
| 2 | Организација на најмалку една средба за консултации со јавноста по објавата на горенаведените документи<br><br>Поттикнување на доставата на писмени предлози и коментари<br><br>Обезбедување навремен пристап до документите пред одржувањето на било која средба (најмалку 2 недели пред настанот) | Заинтересираните страни ќе бидат информирани за точниот датум, време и место на одржување на средбата, најдоцна седум дена пред состанокот (по можност 14 дена), по пат на информирање преку веб-страниците на ЕСМ локалните медиуми и огласните табли на општините, како и засегнатите од Проектот населени места.<br><br>НВОи наведени во Додаток 4 од овој ПВСЗ ќе бидат директно контактирани и информирани за јавната средба. | ЕИП/ЕСМ |
| 3 | Организација на поединечни консултативни средби | Според потребите или на барање на ЕСМ, Општината, или било која идентификувана група на заинтересирани страни/ индивидуи | ЕИП/ЕСМ |
| 4 | Документирање на сите мислења, забелешки и можни решенија во однос на Проектот, а кои биле покренати од заинтересираните страни во текот на консултативните средби, како и соодветен одговор на истите | Тековно | ЕИП/ЕСМ |
| 5 | Објава на информации за обемот, временскиот распоред и времетраењето на планираните градежни работи, како и очекувани прекини и недоследности, преку веб-страниците на ЕСМ и засегнатите општини | Две недели пред започнувањето на градежните работи на ЕСМ | ЕИП/ЕСМ |

| | Активност | Временски распоред/останати детали | Одговорност |
|---|---|---|---|
| 6 | Објава на информации за проектните активности, како и еколошките и социјалните карактеристики на Проектот преку веб-страниците на ЕСМ и засегнатата општина, но и на видливите локации низ погодените локални заедници | На секои два месеци за време на градежната фаза. | ЕИП/ЕСМ и Изведувач |

За времетраење на животниот циклус на Проектот, ЕСМ, ЕИП и Изведувачот ќе продолжат да соработуваат со заинтересираните страни, и овој ПВЗС ќе се ажурира за да го рефлектира прогресот на Проектот. ПВЗС ќе биде ревидиран и доколку е потребно ќе биде ажуриран пред почетокот на градежните активности со цел да се опфатат сите прашања кои се покренати при консултациите одржани во пред-градежната фаза. Прашањата покренати за време на градежната фаза ќе бидат документирани, а одговорите дадени преку механизмите опишани во овој ПВЗС.

Информативни табли ќе бидат поставени од страна на Изведувачот на влезот на проектната област и секоја соседна населба (освен ако веќе постојат такви табли за известување на заедницата и истите можат да се употребат), и ќе служат како медиумска алатка/канал за комуникација со локалните жители. Ќе бидат опфатени и информации за Механизмот за поплаки.

Изведувачот ќе го обезбеди градилиштето пред започнување на градежните активности со соодветни знаци за градилиште и внимание.

# 7 РЕСУРСИ И ОДГОВОРНОСТ ЗА ИМПЛЕМЕНТАЦИЈА НА АКТИВНОСТИТЕ ЗА ВКЛУЧУВАЊЕ НА ЗАИНТЕРЕСИРАНИТЕ СТРАНИ

Во рамките на ЕСМ ќе се формира единица за имплементација на Проектот (ЕИП). Ова тело ќе биде одговорно за спроведувањето на Проектот, вклучително и спроведувањето на овој ПВЗС. Единицата за имплементација на проектот е составена од Раководител на ЕИП (назначен од раководството на РЕК Битола), Проектниот менаџер на Фотоволтаичната електрана како и тројца членови на ЕИП (назначени од ЕСМ).

Заради ефективно реализирање на планираните активности за вклучување на заинтересираните страни, ЕИП ќе користи свои финансиски средства. Изведувачот ќе биде одговорен за своите трошоци направени во име на потребните активности за вклучување на заинтересираните страни за овој Проект.

За спроведување на овој ПВЗС ќе биде назначено одговорно лице од страна на ЕИП, кое во исто време ќе биде задолжено и за комуникација со заедниците. Нејзините/неговите контакт информации ќе се ажурираат по потреба.

Сите изведувачи одговорни за извршување на специфичните проектни активности мора да ги имплементираат релевантните одредби од овој ПВЗС (види Поглавје 6). Барањата поврзани со Механизмот за поплаки (види Поглавје 8) ќе бидат наведени во тендерската документација, како и договорите кои што се

потпишани со изведувачите.

## 8 МЕХАНИЗАМ ЗА ПОПЛАКИ

ЕСМ, во име на овој Проект ќе воспостави процедура за поплаки, додека сите заинтересирани страни ќе бидат информирани за Механизмот за поплаки, контакт лицата од ЕСМ кои ќе бидат одговорни за спроведување на механизмот, како и за формите за поднесување на поплаки.

Флаерот за поплаки и формата на поплаки (Додаток 1) за Проектот ќе бидат достапни на официјалната веб страна на ЕСМ и на засегната општина Новаци. Печатените верзии (исто на македонски и албански јазик), ќе бидат достапни во главните простории на ЕСМ во Осломеј (ТЕЦ Осломеј), како и во просториите на општина Кичево. Доколку Општината добие поплака (во печатена форма или по е-пошта) тие ќе ја достават до ЕСМ во рок од 3 дена по приемот. Дополнително, сите коментари дадени од заинтересирани страни може да се соопштат лично, по телефон или во предвидената форма на поплаки.

Образецот за поплаки може да се достави и до Изведувачот за време на градежните работи. Флаерот и образецот за поплаки ќе бидат достапни на самото градилиште во печатена форма на македонски јазик, додека флаерите ќе бидат објавени на огласната табла на градилиштата со цел да бидат видливи за јавноста и заинтересираните страни. Изведувачот е должен сите примени поплаки да ги проследи до лицето за контакт на проектот во ЕИП.

Сите жалби ќе бидат забележани во Регистарот за поплаки (Додаток 3) при што ќе бидат потврдени во период од 7 дена. Заинтересираните страни што поднесуваат поплаки ќе бидат информирани од страна на ЕСМ за предложените корективни мерки и преземени активности во рок од 15 календарски дена по признавањето на поплаката. Доколку ЕСМ не е во можност да го реши проблемот или ако не е потребно дејствие, ЕСМ ќе даде соодветно образложение и оправдување на подносителот на поплаката на кој начин понатаму да постапува доколку не е задоволен од резултатот. Лицата што поднеле поплака можат да посегнат и по други правни механизми во согласност со националните закони и регулативи.

ЕИП ќе го следи начинот на кој се постапува со поплаките и ќе води евиденција за пристигнати поплаки (во Регистарот на поплаки; види Анекс 3) вклучувајќи ги и оние доставени од Изведувачот. Регистарот ќе послужи како основа за пополнување на извештаите за управување со поплаки кои ќе бидат вклучени во годишните Извештаи за животната средина и социјални аспекти кон Банката (види Поглавје 9).

ЕИП ќе ги објавува и редовно ќе ги ажурира сите релевантни документи и процедури за поплаки на својата веб-страница, но и ќе обезбеди копии од Образецот за поплаки до Општина Новаци. ЕИП ќе обезбеди повратна информација кон сите заинтересирани страни кои го пополниле образецот за поплаки преку е-пошта или по пошта. Исто така, ЕИП ќе комуницира со сите релевантни чинители и ќе ги информира за било какви промени во динамиката на Проектот, при што сите ажурирања ќе бидат објавени на веб-страницата на ЕСМ и општината, и истовремено ќе бидат обезбедени флаери во локалните заедници од област засегната од Проектот.

Во секое време, лицата што поднеле поплака можат да бараат други правни лекови во согласност со правната рамка на РСМ, вклучително и формална судска жалба.

Посебен механизам за поплаки ќе биде достапен за работниците.

Контакт информации за прашања и поплаки:

До: Кабинет на Генерален Директор и

Јулија Симјановска – Животна Средина

Адреса: 11 Октомври ул.9, Скопје

Тел/Фах: + 02 3149 121

Тел/Фах: + 02 3149 121

E-mail: contact@elem.com.mk;

julija.v.simjanovska@elem.com.mk (во cc)

# 9 МОНИТОРИНГ И ИЗВЕСТУВАЊЕ

ЕСМ заедно со локалните власти од општина Новаци ќе бидат одговорни за следење на активностите за имплементација на ЕИП во сферата на вклучувањето на заинтересираните страни на Проектот, како и каналите за комуникација, особено со лицата засегнати од проектот (ЛЗП).

Со цел да го сумира процесот на ангажирање на заинтересираните страни, ЕИП ќе подготви посебен мониторинг извештај (Извештај за активностите за вклучување на заинтересираните страни), каде првиот извештај треба да се изработи три месеци по почетокот на градежните активности и ќе продолжи да се изработува на полугодишна основа, се до завршувањето на градежните работи. По завршувањето на Проектот, ЕИП ќе изготвува годишен извештај за мониторинг во текот на оперативната фаза. Мониторинг извештаите треба да ги содржат следниве информации:

- Консултативни средби со заинтересираните страни (место, време, дискутирани прашања, мерки за ублажување обезбедени од страна на ЕИП)
- Поплаки констатирани во периодот за кој се изработува извештај (и сите детални информации за тоа)
- ЕИП ќе го известува ЕБОР за активностите за вклучување на заинтересираните страни (на годишно ниво)
- Секој Извештај за активностите за вклучување на заинтересирани страни за Проектот ќе биде објавен на веб-страницата на ЕСМ за јавни прегледи и понатамошни коментари.

ЕИП ќе покани заинтересирана локална НВО / ГО за реализација на надворешен мониторинг, со цел да го надгледува спроведувањето на активностите на ПВСЗ.

Индикаторите што треба да се следат при реализација на ПВЗС се:

- Сите заинтересирани страни се комуницирани пред започнување на активностите на Проектот.
- Дисеминација на информации - достапност и пристапност до проектните документи; фреквенција на дистрибуција на информации, пристигнати информации до заинтересираните страни.
- Реализација на планираните активности  - бројот и степенот на учество од страна на специфичните групи на заинтересирани страни.
- Број на идентификувани и комуницирани ранливи групи.
- Записници од средби.
- Испорачани активности за корекција.
- Број и вид на поплаки.
- Усогласеност со механизмот за поплаки - Комплетирани извештаи во Регистарот за поплаки: Анекс3
- Број на повторени поплаки.

# ДОДАТОЦИ

## ДОДАТОК 1 ОБРАЗЕЦ ЗА ПОПЛАКИ

| | |
|---|---|
| **Референтен број:** | |
| **Целосно име и презиме**: (можете да останете анонимен/а, доколку сакате вашиот идентитет да не биде откриен без ваша согласност) | |
| **Информации за контакт:** Ве молиме да означите на кој начин сакате да ве контактираме (пошта, телефон, е-пошта). | • **Преку пошта:** (Ве молиме наведете ја поштенската адреса) ____________________________________________________ ____________________________________________________<br>• **Преку телефон:** ___________________________________________<br>• **Преку е-пошта:** ___________________________________________ |
| | |
| **Претпочитан јазик на комуникација** | ☐ Македонски<br>☐ Друго: ____________________________ |
| **Опис на инцидент/поплака:** Што се случило? Каде се случило? Кому се случило? Кој е резултатот од проблемот? | |
| **Датум на инцидент / поплака** | ☐ Еднократен инцидент /поплака (датум _____________ )<br>☐ Се има случено повеќе од еднаш (колку пати)? (_______)<br>☐ Во тек (проблемот се случува тековно) |
| | |
| **Што сакате да се направи за да се реши проблемот?** | |
| | |
| Потпис: | Датум: |
| Ве молиме да го доставите овој формулар до:<br>Канцералијата на главниот менаџер и<br>Јулија Симјановска – Животна Средина<br>email: contact@elem.com.mk;<br>julija.v.simjanovska@elem.com.mk (во cc)<br>Тел/Факс + 389 (0)2 3149 121 | Адреса: Електрани на Северна Македонија<br>Ул. 11 Октомври 9, 1000 Скопје<br>Република Северна Македонија |

## ДОДАТОК 2: ПРОЦЕДУРА ЗА ПОПЛАКИ ОД ПРОЕКТОТ



## ДОДАТОК 3: РЕГИСТАР НА ПОПЛАКИ

Регистарот на поплаки од проектот, кој се води во дигитален формат и табеларен приказ, потребно е да ги содржи следниве информации:

**ВНЕС**

Иницијатор:

Локација на живеалиште:

Вид на проблем

Име и презиме

Контакт информации

Датум на внес:

Потврда за прием на поплаката

Проблем:

Опис на проблемот:

Предложено решение

Активности што треба да се преземат за решавање на проблемот

**ИЗЛЕЗ**

Датум на затворање

Следење на поплаката

Резултати од преземените дејствија

Повторување Да/Не.

## ДОДАТОК 4: КОНТАКТ ИНФОРМАЦИИ НА ИДЕНТИФИКУВАНИТЕ ЗАИНТЕРЕСИРАНИ СТРАНИ

| Име на НВО/Заинтересирана страна | Информации за контакт |
|---|---|
| Македонско еколошко друштво (МЕД) | Борис Трајковски 7/9а, 1000 Скопје<br>Тел: (02) 2402 773,<br>Факс: (02)2402 774<br>Моб: 078 393 436<br>contact@mes.org.mk |
| Движење на екологистите на Македонија (ДЕМ) | Ул. Васил Ѓоргов 39, барака 6, 1000 Скопје<br>Тел: (02) 3220-520<br>dem@dem.org.mk<br>ruska@dem.org.mk |
| Центар за истражување и информирање за животната средина “Еко-свест” | Бул. 11 Октомври 125/12, Скопје<br>Тел: (02) 3217-247<br>Факс: (02) 3217-246<br>Моб: 072 726-104<br>info@ekosvest.com.mk |
| Фронт 21/42 | Ул. Орце Николов 83А, 1000 Скопје<br>Тел/Факс: (02) 3122-546<br>Моб: 075 433-231<br>contact@front.org.mk |
| Македонски зелен центар | Ул. Коста Новаковиќ 1А/19, 1000 Скопје<br>Тел/Факс: (02) 6132-432<br>Моб : 078 205 217<br>zeleni@zeleni.org.mk |
| Друштво за проучување и заштита на птиците во Македонија | ПМФ- Гази Баба ББ, 1000 Скопје<br>02/3117-055; 078/254-736<br>brankom@ukim.edu.mk |
| Здружение за заштита на бувовите | Ул. Јуриј Гагарин 28-5/3, 1000 Скопје<br>070/999-859<br>macedonian.owl.trust@gmail.com |
| Молика (еколошко движење) | Ул. Кичевска 24<br>7000 Битола, Македонија<br>Тел: 047/232469<br>Моб: 070/547-281<br>molika@t.mk |
| Ековаст | +389 75/298-717<br>makvast@yahoo.com |
| Здружение на жени на Новаци | 7211 Новаци, Македонија |